ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification
BUREAU VERITAS 1828

Архивски бр.08-1424/2
Датум 15. 05. 2019

ЗАПИСНИК
ОД УВИД ВО ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ 2 СКОПЈЕ

Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник (во натамошниот текст: Надзорната комисија) на ден 26.03.2019 година (вторник) во 9.35 часот, согласно Планот за надзор бр. 02-1034/1 од 7.02.2019 година, го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Основниот суд Скопје 2 Скопје.

Претходно, со писмо од 6.3.2019 година претседателот на Основниот суд Скопје 2 Скопје беше известен за претстојниот надзор и беше доставен список на документација која треба да биде подготвена за увид.

Увидот во функционалноста на АКМИС-от започна со интервју со Претседателот на судот во врска со обврските предвидени со Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник. Претседателот на судот укажа дека АКМИС-от во Основниот суд Скопје 2 е во функција. Од негова страна беше истакнато дека во судот работат 62 судии од 79 предвидени судиски места по систематизација и 24 судски соработници. Во судот вкупно работат 274 судски службеници, вклучувајќи ги и судските соработници, а 12 лица се на работни места во судската полиција.

Претседателот истакна дека во Основниот суд Скопје 2 Скопје во тек на решавање е проблемот со нотарската архива или поточно архивски простор ќе биде организиран во Скопскиот стадион каде ќе се депонира нотарската архива.

Од негова страна беше истакнат проблемот со предметите во кои постапките се ставени во прекин од причина што не постои рок до кога еден предмет може да биде во прекин. Така, истиот кога ќе се активира, во АКМИС има ставка прекин, но во извештаите се појавува како стар предмет. Констатирано е дека треба да се


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр.08-1424/___
Датум ____________________

ЗАПИСНИК
ОД УВИД ВО ОСНОВНИОТ СУД СКОПЈЕ 2 СКОПЈЕ

Комисијата за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник (во натамошниот текст: Надзорната комисија) на ден 26.03.2019 година (вторник) во 9.35 часот, согласно Планот за надзор бр. 02-1034/1 од 7.02.2019 година, го започна увидот во функционалноста на Автоматскиот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС) во Основниот суд Скопје 2 Скопје.

Претходно, со писмо од 6.3.2019 година претседателот на Основниот суд Скопје 2 Скопје беше известен за претстојниот надзор и беше доставен список на документација која треба да биде подготвена за увид.

Увидот во функционалноста на АКМИС-от започна со интервју со Претседателот на судот во врска со обврските предвидени со Законот за управување со движењето на предметите во судот и Судскиот деловник. Претседателот на судот укажа дека АКМИС-от во Основниот суд Скопје 2 е во функција. Од негова страна беше истакнато дека во судот работат 62 судии од 79 предвидени судиски места по систематизација и 24 судски соработници. Во судот вкупно работат 274 судски службеници, вклучувајќи ги и судските соработници, а 12 лица се на работни места во судската полиција.

Претседателот истакна дека во Основниот суд Скопје 2 Скопје во тек на решавање е проблемот со нотарската архива или поточно архивски простор ќе биде организиран во Скопскиот стадион каде ќе се депонира нотарската архива.

Од негова страна беше истакнат проблемот со предметите во кои постапките се ставени во прекин од причина што не постои рок до кога еден предмет може да биде во прекин. Така, истиот кога ќе се активира, во АКМИС има ставка прекин, но во извештаите се појавува како **стар предмет**. **Констатирано е дека треба да се**

**интервенира во однос на тоа прашање за да не се создава нереална бројка на стари предмети.**

*ПРЕПОРАКА: Се препорачува да се надмине проблемот со евиденцијата на предметите во прекин со нивно дефинирање во АКМИС извештаите.*

Надзорната комисија побара документацијата наведена во гореспоменатиот допис да биде доставена на увид и притоа, во однос на бараните документи беше утврдено следното:

**1. Одлуките за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2017, 2018 и 2019 година.**

Беше констатирано дека се донесени одлуки за формирање на работното тело за управување со движење на предметите во судот за 2017, 2018 и 2019 година. Надзорната комисија беше информирана дека се прават измени на одлуките само ако има одредени персонални промени.

**2. Годишен план за управување со движењето на предметите за 2017, 2018 и 2019 година по предлог на Работното тело**

Констатирано е дека Годишни планови за управување со предметите за 2017 и 2018 година се донесени, а за 2019 година планот е во подготовка.

**3. Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно за 2017, 2018 и 2019 година (член 17 од СД).**

Надзорната комисија беше известена дека претседатот врши редовно надзор, а службени белешки се изготвуваат само ако се констатираат неправилности.

**4. Извештаите на повисокиот суд за работата на Основниот суд Скопје 2 Скопје, за 2017, 2018 и 2019 година**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Надзорната комисија изврши увид во извештајот на Апелациониот суд за работата на Основниот суд Скопје 2 Скопје за работната посета од 10.4.2017 година и 07.12.2017 година од каде е заклучено дека повисокиот суд треба да продолжи да врши работни посети на судот најмалку два пати годишно, а со цел да се запази континуитет во следењето на судот и се дадат соодветни препораки за поефикасна работа.

***ПРЕПОРАКА: Се препорачува Апелациониот суд Скопје да продолжи да врши редовни посети и надзор на работата на пониските судови***

**5. Записници од одржани седници на месечно ниво (членови 19 и 22 од СД) и увид во записници**

Претседателот информираше дека одржува седници еднаш до два пати месечно, кога е утврдена потреба за одржување на седници. Надзорната комисија изврши увид во записниците и се утврди дека седниците редовно се одржуваат на различни теми.

**6. Организирани обуки и судски службеници за користење на АКМИС (член 26 од СД)**

Тековни обуки за работење на АКМИС на вработените врши судскиот информатичар и тоа *ad hoc*, односно по потреба.

***ПРЕПОРАКА: да се дефинираат потребите за континуирана обука за користење на АКМИС и барањето да се достави до Академијата за судии и јавни обвинители за реализација***

**7. Судски администратор (член 60 од СД)**

Судот нема судски администратор. Надзорната комисија беше информирана дека е добиена согласност за вработување и отпочната е постапката, но истата ќе заврши по претседателските избори.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

***ПРЕПОРАКА: да се заврши постапката за пополнување на работно место – судски администратор, имајќи ја предвид неговата надлежност предвидена со Судскиот деловник.***

8. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи, за контролираниот период (член 61 од СД)

Списокот не беше даден на увид.

***ПРЕПОРАКА: претседателот на судот до Надзорната комисија да достави список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи, во рок од 10 дена од приемот на записникот.***

**9. Достава на извештај за реализација на програма за работа најдоцна до 1 март до Судски совет, од страна на претседател на суд**

Претседател на судот врши редовна достава на извештај за реализација на програмата за работа до Судскиот совет на Република Северна Македонија најдоцна до 1 март. Надзорната комисија беше информирана дека судот за својот извештај добива повратно коментари од Судскиот совет.

**10. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, исто за период од три последни години (член 61 од СД)**

Внатрешните процедури за Основниот суд Скопје 2 Скопје се донесени во 2014 година, но поради отсуство на потреба за интервенција, истите не се променети.

**11. Број , вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по кој постапуваат) (член 66 СД)**

Бројот, видот на судски оддели со судиите кои постапуваат по секоја област се утврдени со годишните распореди. Надзорната комисија утврди дека работата во судот се организира во 4 (четири) судски оддели и тоа: Оддел за имотни спорови, спорови од мала вредност и семејни спорови, Оддел за трговски спорови, стечај и

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

ликвидација, Оддел за работни спорови и Оддел за оставински и вонпарнични предмети.

**<u>12. Формиран оддел за судска практика во судот (член 74 од СД)</u>**

Надзорната комисија беше информирана дека не е формиран оддел за судска практика бидејќи не е уреден начинот за нормирање на предметите, односно судиите кои ќе работат на тој оддел не ќе може да бидат оценувани.

***ПРЕПОРАКА: Судскиот совет да утврди начин на кој работата на судиите во делот на судската практика ќе биде соодветно вреднуван.***

**<u>13. Годишниот распоред на судии и сите измени на годишниот распоред на судии, со записници за запазена процедура за 2017, 2018 и 2019 година, дали се донесени до 31.12 во тековната година, колку пати се менувани и дали е запазена процедурата (мислење од седница на судии и достава до сите судии (член 113 од СД)</u>**

Годишниот распоред на Основниот суд Скопје 2 Скопје за 2017 година е донесен на ден 22.12.2016 година и е менуван вкупно 7 (седум) пати поради организациски потреби, односно намалување на бројот на судии или зголемување на број на предмети во поединечни оддели.

Годишниот распоред на Основниот суд Скопје 2 Скопје за 2018 година е донесен на ден 22.12.2017 година и е менуван вкупно 5 (пет) пати поради зголемен обем на работа и непречена работа на Одделот за трговски спорови.

Годишниот распоред на Основниот суд Скопје 2 Скопје за 2019 година е донесен на ден 24.12.2018 година и е менуван 1 (еднаш) заради организациски причини, односно престанок на судска функција на еден судија.

**<u>14. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за 2017, 2018 и 2019 година (116)</u>**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Надзорната комисија беше информирана дека не се организираат дежурства бидејќи нема потреба за истите.

**15. Простории за судии поротници и за адвокати (член 120 од СД)**

Надзорната комисија беше информирана дека во судот нема простории за судии поротници и за адвокати. Нагласено беше дека судот има недостиг од простории и покрај дополнителниот простор кој го користи судот во зградата на Апелациониот суд Скопје.

Воедно, беше споменато дека заради недостиг на лифт во зградата, судењата се организирани на начин што ако има учесник во постапката – лице со посебни потреби, судењата се одржуваат во судница на приземјето.

**16. Огласна табла на судот (член 122 од СД)**

Судот располага со огласни табли кои се во функција на видливо место.

**17. Формирана канцеларија за односи со јавност која на барање на странка доставува анонимизиран примерок од одлука (член 101)**

Претседателот ја извести Комисијата дека е формирана канцеларија за односи со јавност која на барање на странка доставува аноминизиран примерок од одлука.

**18. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети и негово физичко присуство (член 89 од СД)**

Надзорната комисија беше известена дека советник – информатичар е задолжен за администрација на АКМИС. Задолженото лице беше повикано и со него лично разговараа членовите на комисијата околу различни аспекти за организацијата на АКМИС-от и неговата примена во судот. Беше истакнато дека, без оглед што судот е граѓански, АКМИС-от непотребно и дополнително е оптоварен со податоци и уписници кои се користат во кривичната област.

Автоматска распределба на предмети се врши од страна на уписничарите, додека автоматска прераспределба на предметите се врши од страна на информатичарите во судот.

Сите уписници по кои постапуваат повеќе судии се вклучени во автоматска распределба, но постојат и уписници по кои постапува само еден судија и тоа: ИПК, ИЗС, ПИ, ЕРПП, РПП, РСВЗРГ, ЗАВ-Х, ИДС и уписниците од судска управа по кои постапува претседателот на судот. проверено

***ПРЕПОРАКА: се препорачува АКМИС-от да се прилагоди на потребите на секој суд.***

**19. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети, за 2017, 2018 и 2019 година (175 став 5 СД)**

Надзорната комисија изврши увид во дел од одлуките за исклучување на судија од распределба на предмети. Покрај одлуки за исклучување на судија, соодветно се носат и одлуки за повторно вклучување на судија во распределбата на предметите. Беше констатирано дека одлуките се уредно донесени, образложени и соодветно заведени.

Воедно, се утврди дека претседателот на судот благовремено носи одлука за исклучување на судија од распределба на предмети определен период пред неговото пензионирање. Комисијата оцени дека ова е добра пракса за да не се создава застој при управувањето со предметите.

***ПРЕПОРАКА: Надзораната комисија препорачува да се дефинира оптимален временски период за исклучување на судија од распределба на предмети пред неговото/нејзиното пензионирање.***

**20. Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Членовите на Надзорната комисија беа известени дека извештаите на работното тело се доставуваат до претседателот на судот на секои 6 (шест) месеци со оглед на фактот дека изготвување на извештаи на месечно ниво е многу често и непотребно.

***ПРЕПОРАКА: Да се преиспита потребата од достава на месечни извештаи на работно тело до претседателот на судот и да се предложат соодветни законски измени во Законот за управување со движење на предметите во судот, а дотогаш да се почитуваат законските одредби во врска со креирањето и доставата на извештаите за работата на Работното тело за управување со движењето на предметите во судот.***

**21. Дали месечните извештаи на Работното тело се доставуваат на увид на повисокиот суд, согласно заклучокот на работен состанок од Велес 2013**

Надзорната комисија беше известена дека не се постапува согласно наведениот заклучок, но ниту им се побарани месечните извештаи од страна на повисокиот суд.

***ПРЕПОРАКА: Да се приспита потребата за доставување на месечните извештаи до повисокиот суд***

**22. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради иземање на судија, и одлуките за иземање за 2017, 2018 и 2019 година**

Надзорната комисија изврши увид во одлуки за повторна автоматска распределба заради иземање на судиите. Беше констатирано дека одлуките се уредно донесени, образложени и соодветно заведени. Во изреката на одлуките јасно стои дека повторната распределба треба да се изврши преку АКМИС-от.

**23. План за годишен одмор на судиите, за 2017, 2018 и 2019 година 115 СД)**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Надзорната комисија констатираше дека се донесени планови за годишен одмор на судиите.

**24. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот**

Надзорната комисија изврши увид во бројот на ново заведени предмети по уписници за 2017, 2018 и 2019 година и во листата на уписници. Нема нераспределени предмети по судија во ниту еден уписник, освен неколку погрешно заведени предмети.

Редовните предмети се распределуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени на автоматска распределба, освен поврзаните предмети, итните предмети се распределуваат веднаш, како и предмети од уписниците за кои е доделен само еден судија.

Не е констатирано исклучување на уписник од автоматска распределба. Контролник за исклучување на судии од автоматска распределба не можеше да се креира.

Уписниците од Судска управа по кои постапува претседателот на судот се водат во АКМИС, додека дел од актите се изготвуваат во word.

***ПРЕПОРАКА: Се препорачува сите акти од Судска управа да бидат изготвувани во АКМИС.***

**25. Сите одлуки за рачна распределба на предмети, од АКМИС за 2017, 2018 и 2019 година**

Претседателот ги извести членовите на Надзорната комисија дека нема одлуки за рачна распределба на предмети. Согласно Судскиот деловник има рачно прераспределени предмети за кои е донесена соодветна одлука.

**26. Преглед на информатичката опрема со која располага судот.**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

На Надзорната комисија и беше доставен на увид список на ИТ опрема со која располага Основниот суд Скопје 2 Скопје. Членовите на комисијата од редот на информатичарите заклучија дека капацитетот на серверот е недоволен за нормално функционирање на апликацијата, а посебно за редовно зачувување на потребните резервни копии на податоци. Воедно, беше констатирано дека имаше технички проблем во функционирањето на АКМИС системот и не можеше да се изгенерираа контролникот “Исклучување на судија од распределба”.

***ПРЕПОРАКА:** **ИТНО да се зајакнат капацитетите на серверите за да се овозможи непречено фунцкионирање на АКМИС-от.***

**27. Скенирање на влезни документи**

Надзорната комисија беше информирана дека не се скенираат влезни документи заради недостиг на скенери и човечки ресурси. Во таа смисла, бевме информирани дека Основниот суд Скопје 2 Скопје располага со 7 (седум) скенери. Бидејќи не се исполнети техничките предуслови и со оглед на обемот на документи кои е потребно да се скенираат, не се врши скенирање на документите.

***ПРЕПОРАКА:** **Да се преземат чекори за надминување на проблемот со скенирање на влезни документи со обезбедување на човечки ресурси и техничка опрема.***

**28. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник**

Надзорната комисија беше информирана дека распределбата на предметите во судот се врши еднаш дневно и тоа во 14.00 часот. Итните предемети се распределуваат веднаш.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**29. Објавен број на анонимизирани судски одлуки на судски веб порталот во однос на вкупен број одлуки донесени во судот**

Надзораната комисија беше информирана дека во судот се објавуваат анонимизирани одлуки на судскиот веб портал и тоа: во 2017 година се објавени 4180 анонимизирани одлуки, во 2018 година се објавени 7734 анонимизирани одлуки и во 2019 година се објавени 759 за месец јануари и февруари.

Претставниците на судот го истакнаа проблемот со анонимизација на судските одлуки, посебно објавувањето на неправосилните, дека се врши зачувување на одлуките по повеќе пати и се прави бази на одлуки што непотребно држат место на серверите.

***ПРЕПОРАКА: да се преиспита целисходноста од анонимизација и објавување на неправосилните одлуки и соодветно да се предложат законски измени за тоа прашање.***

**30. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Надзорната комисија беше информирана дека електронското прифаќање на предметите од страна на судиите се врши редовно.

**31. Уписници што се водат во хартиена форма**

Во делот на судска управа констатирано е дека сите уписници се водат во електронска форма, само во некои уписници актите не се изготвуваат, туку ги работат надвор од системот АКМИС. Проверен е уписник СУ-02 каде што актите се изготвуваат во АКМИС. Исто така и во уписникот СУ-ИЗЗ каде што се евидентираат решенијата за изземање на судии, актите се изготвуваат во АКМИС.

Увидот заврши на ден 26.03.2019 година во 13:20 часот.

Членови на надзорна комисија:



Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk